УДК 811.163.3'276.12(497.711)(049.3)
УДК 811.163.3'271.1:373-057.874(049.3)

Веселинка Лаброска
Македонска академија на науките и уметностите
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
labroska@imj.ukim.edu.mk

# КОЛОКВИЈАЛНИОТ ИЗГОВОР ВО СКОПЈЕ И ВЛИЈАНИЕТО НА АРТИКУЛАЦИЈАТА НА ГЛАСОВИТЕ ВРЗ НАРУШУВАЊЕТО НА ПРАВОГОВОРНАТА И ПРАВОПИСНАТА НОРМА

од Блага Панева, „Супрема“, 2024 г.

Во издание на издавачката куќа „Супрема“, во 2024 година, излезе од печат книгата со наслов *Колоквијалниот изговор во Скопје и влијанието на артикулацијата на гласовите врз нарушувањето на правоговорната и правописната норма* од д-р Блага Панева. Оваа книга е оригинална монографија со којашто се обработува еден од најгорливите проблеми поврзани со изговорот на македонскиот јазик, а тоа е колоквијалниот изговор во Скопје и неговото влијание врз нормата.

Пред нас имаме книга во која д-р Блага Панева со цела тежина на искусен професор и советник по македонски јазик, ни нуди прецизна и детална обработка на грешките што ги прават нашите ученици и во изговорот и во правописот, а потоа тоа се рефлектира врз нивната погрешна артикулација, врз нивната недоволна писменост, во погрешното акцентирање и во крајна линија во рушење на основните фонетски особености на македонскиот стандарден јазик, а тоа се неговиот третосложен акцентски систем и неговиот чист изговор и на вокалите и на консонантите, без влијание на соседните гласови во гласовната низа во зборот и во исказот.

Книгата се состои од следниве делови: *Вовед, Македонскиот јазик во основното образование со посебен акцент на програмското подрачје јазик, Анализа на гласовните промени во писмените*

*текстови, Консонантски групи во почетна, медијална и финална позиција, Финални согледувања од анализите и насоки за подобрување* и *Финални заклучоци*. Книгата е заокружена со Прилози и резиме на македонски и англиски јазик, како и список на богата *Користена литература*.

Книгата се базира на одбранета докторска дисертација со анализа на усното и писменото изразување на учениците во градот Скопје, а собрани од страна на самата авторка, д-р Блага Панева. Предмет на анализа се грешките во изговорот и во пишувањето што ги прават учениците на фонетско-фонолошко и на правописно рамниште, а што се резултат на недоволната усвоеност на нормата на македонскиот јазик, така што оваа монографија има значење не само од аспект на научна обработка на отстапките во усното и писменото изразување кај младите во Скопје, туку и од аспект на извлекување заклучоци за понатамошни можни начини на изведување на наставата по предметот Македонски јазик, а со цел за што подобро усвојување на јазичната норма.

Во *Воведот* авторката Блага Панева укажува на неопходноста од конкретни анализи за усвојувањето на мајчиниот македонски јазик во текот на образовниот процес, со ставање на фокусот на повеќе фактори што влијаат на начинот на изговор и пишување кај учениците, а тоа се влијанието на дијалектот на средината, влијанието на постарите членови на семејството и усвојувањето на нивните изговорни навики, промената на местото на живеење и други можни фактори – проблеми.

Вториот дел од трудот се однесува на *Македонскиот јазик во основното и во средното образование со посебен акцент на програмското подрачје јазик* и во него теоретски се образложени начините на кои се изведува наставата по македонски јазик, а сето тоа преку општите и конкретните цели што би требало да се реализираат во самата настава. Дали учениците се мотивирани и во која мера мотивацијата зависи од реализацијата на самиот час и од ангажираноста на наставникот, е предмет на анализа во овој дел од книгата. Авторката, д-р Блага Панева, се осврнува и на функционалноста на јазичните вежби. Со искуство на наставник и научник што бил дел од наставниот процес и во основното и во средното образование, д-р Блага Панева детално ги образложува начините на кои се предава материјалот од Фонетика и фонологија, а што може да се заклучи од убаво конципи-

раната и исцрпна анализа на содржините по предметот Македонски јазик.

Во заклучокот на овој дел од анализата истакнато е дека учениците се под силно влијание на скопскиот жаргон, односно на скопскиот колоквијален изговор, со исклучок на неколку изговорни специфики што повеќе упатуваат на други дијалекти. Но, заклучува авторката Блага Панева, од каде и да е влијанието, крајно е неопходно да се преземат сериозни напори за да се научат младите правилно да го зборуваат македонскиот стандарден јазик.

Со насловот *Анализа на гласовните промени во писмените текстови* започнува следниот трет дел во оваа книга, што претставува всушност најобемна анализа. По краток вовед во којшто е опишан гласовниот систем на македонскиот јазик, авторката Блага Панева започнува со анализа на вокалот /а/ односно под насловот *Статусот на вокалот А и неговата употреба се* дадени основните артикулациски особености на овој вокал. Потоа следува обемен список со погрешно напишани зборови каде што вокалот /а/ е заменет со друг глас или е испуштен. Примери: *немат* (немаат), *имат* (имаат), *мрзиме* (мразиме), *опстнување* (опстанување), *омрза* (омраза), *седна* (тие седнаа), *зато* (затоа), *работат* (работата), *менеџмент* (менаџмент). Забележани се и примери со вметнување на вокалот /а/: *оваа* време (ова време), *саакаме* (сакаме), *работаат* (работат). Следува обемна прегледна табела со регистрираните грешки во која редоследно се дадени: неправилно напишаниот збор, правилната форма, гласовната промена, видот на промената и зачестеноста на појавување во писмените состави. Се даваат и одделни коментари за различните видови грешки. По истиот овој принцип е постапено и за другите вокали /е/, /и/, /о/ и /у/. Од сите наведени грешки при употребата на вокалите може да се изведе заклучок дека грешките се од неколку типа: 1) упростување на удвоените вокали во еден, што е последица на тоа дека двата вокали при изговорот перцепциски се толкуваат како еден продолжен (пр. *немат* < немаат); 2) неправилно пишување на формите на зборовите како резултат на дијалектно влијание (*доле* < долу); 3) непознавање на позајмените зборови и нивно неправилно изговарање т.е. пишување (*ефемизам* < еуфемизам).

Во книгата на прегледен начин и со убава системска анализа е прикажано и погрешното пишување на согласките (опструенти и сонанти), каде што редоследно се предадени следниве гласови и проме-

ните поврзани со нив: опструенти: /б/ и /п/; /в/ и /ф/; /д/ и /т/; /ѓ/, /ќ/, /г/ и /к/; /з/,/с/, /ѕ/ и /ц/; /џ/, /ч/, /ж/, /ш/ и /х/; сонанти: /ј/; /л/ и /љ/; /м/, /н/ и /њ/; и на крајот /р/. Примерите дадени овде се од писмените работи и состави на ученици во основното образование и главната анализа е направена врз нив. Во своите заклучни согледувања на крајот на овој дел, авторката Блага Панева истакнува дека грешките се провлекуваат и во одделенска и во предметна настава и главно се резултат на немање материјали за вежбање и за проверка на знаењата на учениците (ако се изземе фондот на часови кој исто така не задоволува).

Последните делови на книгата со насловите: *Консонантски групи во почетна, медијална и финална позиција, Финални согледувања од анализите и насоки за подобрување* и *Финални заклучоци* ја комплетираат јасната и прегледна слика на колоквијалниот изговор во Скопје кај учениците и влијанијата врз правоговорот и правописот регистрирани од страна на авторката Блага Панева. *Прилозите, Списокот на користена литература* и *Резимето на македонски и на англиски јазик* ја заокружуваат целината на оваа значајна книга од областа на наставата по македонски јазик и македонската ортоепија и ортографија.

На крајот можам да констатирам дека книгата од Блага Панева со наслов *Колоквијалниот изговор во Скопје и влијанието на артикулацијата на гласовите врз нарушувањето на правоговорната и правописната норма* претставува една мошне значајна монографија, неопходна за сите чинители во образовниот процес во наставата по македонски јазик и на македонски јазик. Оваа книга во иднина би требало да биде основна литература за наставниот кадар по македонски јазик. Јас како рецензент можам да го изразам своето задоволство што оваа книга е веќе отпечатена и им е достапна на сите македонисти и сите македонски говорители што се грижат за македонскиот јазик и искрено се надевам дека ќе биде не само помагало во наставата, туку и постојана ѕвезда водилка на патот на грижата и негувањето на македонскиот правопис и правоговор. Од срце ѝ честитам на авторката Блага Панева и ѝ посакувам уште многу успеси на полето на македонистиката.